**ВОВЕД**

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Потребата од основање на посебна Агенција за шуми произлегува од заложбите на Владата на Република Северна Македонија за реализација на процесот на реорганизација на органите на државната управа како и на другите државни органи, како и за исполнување на насоките од Проект: „Поддршка на реформите во политиката и законската рамка во шумарството во Северна Македонија“. Финансиран од страна на Европската Комисија.

Низа негативни промени во развојот на целото општество и економија имаа свое влијание и врз шумарскиот сектор. Во овој период, многу проблеми и околности го доведоа шумарството во лоша финансиска состојба што резултираше со стагнација и назадување на шумарскиот сектор. По 16 години, ситуацијата дури и се влоши, меѓу другото и поради последиците од пандемијата Ковид-19 во последните две години.

Воедно беа објавени некои други стратешки национални документи поврзани со шумите, следејќи ги меѓународните еколошки определби, како што се Националната стратегија за биолошка разновидност (2018), Националната стратегија за заштита на природата (2017) и Стратегијата за животна средина и климатски промени (2014 година). усвоен во Северна Македонија. Усвоена е и новата Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021), која дава можност за финансиска поддршка и на мерките поврзани со шумарството и шумарството во контекст на руралниот развој.

Во исто време, Република Северна Македонија е потписник на неколку меѓународни договори за шуми и заштита на животната средина, кои влијаат на шумарскиот сектор. Најновите се Целите за одржлив развој на ОН (особено целта 15.2 поврзана со промоција на одржливо управување со сите видови шуми, запирање на сечењето на шумите, враќање на деградираните шуми во нивната првобитна состојба и значително да се зголеми обновувањето на деградираните шуми и пошумувањето на глобално ниво), Декадата на ОН за обнова на екосистемот (2021 – 2030 година), како собирен повик за заштита и заживување на екосистемите ширум светот и Бон Предизвик (2011), како глобална цел да се обноват 350 милиони хектари деградирани и обесшумени предели до 2030 година. Во врска со оваа цел, Северна Македонија веќе се обврза да обнови и пошуми околу 15.000 хектари шумско и нешумско земјиште.

Процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ подразбира усогласување на националните политики, стратегии и законодавство со политиките, стратегиите и acquis на ЕУ поврзани со шумите и шумарството, како што се Стратегијата за шуми на ЕУ за 2030 година, Стратегијата на ЕУ за биолошка разновидност за 2030 година, ЕУ Регулатива за дрва (EUTR, 2010), ЕУ FLEGT регулатива (2005), новата регулатива за таксономија на ЕУ (2020) и Директивата на ЕУ за обновлива енергија (2018). Во контекст на ЕУ, зелениот договор на ЕУ за Западен Балкан (Зелена агенда за Западен Балкан) е актуелен и за Северна Македонија.

**Од содржината на претходно цитираните закони е видно дека обемот на надлежностите како на Агенцијата за енергетика така и на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви по својот карактер и обем се комплементарни во која смисла нивното спојување во една институција би придонело кон поефективно вршење на работите од доменот на управувањето со одредени енергетските ресурси, рационално користење на човечки ресурси и ефективност при спроведувањето на политиките на државата во облата на ехергијата и енергетската ефикасност.**

**Потребата од изработување на нов Закон за основање на Агенција за шуми произлегува од претходно наведените објективни услови за создавање ефективен систем за мултифункционално стопанисување со шумите, ефикасна администрација и управување со шумите и одржлив развој на шумарскиот сектор, заснован на европски стандарди.**

**Со новиот Закон за основање на Агенција за шуми се обезбедува мултифункционално стопанисување со шумите.**

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

**Со новиот Закон за основање на Агенција за шуми се востановува нов самостоен орган на државна управа кој ефективно ќе ја спроведува политиката од областа на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, во согласност со принципите за одржлив развој.**

**Целите на новиот Закон за основање на Агенција за шуми се имплементирање на мерки за ефикасно управување со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, спроведување на функциите на шумска полиција и остварувањето на јавниот интерес при заштита и користење на шумите како добро од општ интерес.**

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Предлог- Закон за основање на Агенција за шуми нема да предизвикува значителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.**

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

**Со Закон за основање на Агенција за шуми и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот не се предвидуваат нови фискални импликации, односно не се потребни дополнителни финансиски средства за нивно спроведување.**

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

**Закон за основање на Агенција за шуми не е предмет на усогласување со законодавството на Европската унија**

## ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ШУМИ

### Дел први

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организацијата и работењето на Агенцијата за шуми.

### Цел на законот

### Член 2

Целта на овој закон е востановување на самостоен орган на државна управа који ефективно ќе ја спроведува политиката од областа на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, во согласност со принципите за одржлив развој.

### Дел втори

### АГЕНЦИЈА ЗА ШУМИ

### Пододдел 1

### Основање

### Член 3

(1) Агенцијата за шуми (во натамошниот текст: Агенцијата) се основа заради остварување на целите за одржлив развој на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, имплементирање на мерки за ефикасно управување со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, спроведување на функциите на шумска полиција и остварувањето на јавниот интерес при заштита и користење на шумите како добро од општ интерес.
(2) Агенцијата се основа како самостоен орган на државна управа.
(3) Агенцијата има својство на правно лице.

(4) Скратен назив на Агенцијата е „ АШ“.
(5) Називот на Агенцијата во меѓународниот правен промет е " Agency for forests ".
(6) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

**Надлежности на Агенцијата**

**Член 4**

(1) Агенцијата за остварувањето на целите за одржлив развој на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги и имплементирање на мерки за ефикасно управување со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги го врши следното:

1. Во доменот на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови и тоа:

- изработка на предлог Стратегијата за шумарство;

- изработка на предлог Националната програма за шумарство;

- изготвување на предлог Национален план за одржлив развој на шумите во Република Северна Македонија;

- изготвува предлогПрограма за рехабилитација на шумите;

- изготвува предлог Национален план за заштита од шумски пожари и

- обезбедува учество на засегнатите страни и пошироката јавност за консултации по однос предлогот на Стратегијата за одржлив развој на шумарството, предлогот на Националната програма за шумарство, предлогот на Националниот планза развој на шумите и предлозите за планови за стопанисување/управување за државни шуми.

2. Во доменот на краткорочни програми донесува:

- програма за одржување на семенски насади;

- програма за мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми;

- програма за оценување на одржливоста на стопанисувањето со шумите и

- програма за за борба против незаконски активности во шумарството.

3.Спроведување на целите на одржлив развој на шумите при што:

- дава иницијативи, предлага и координира изработка на студии и проекти за шумарство;

- предлага и се ангажира за спроведување на мерките за одржлив развој во шумарството,

- промовира методи за ефикасно и економично искористување на шумите и шумските производи и

- предлага и се ангажира за вградување на мерки за заштита на животната средина во шумарството.

4. Регионална соработка и координација на регионални проекти при што:

- се ангажира за регионалната соработка на полето на шумарството

- се ангажира во врска со имплементацијата на регионалните проекти и

- учествува во процесот на утврдување на приоритетните инфраструктурни објекти во регионот.

5. Подготовка на предлози на подзаконски акти и технички прописи, од областа на шумите, спроведување на управни постапки и административни задачи поврзани со сите шуми, друго шумско земјиште и друго земјиште при што:

-учествува во изатботка на закони, подготвува предлози на подзаконски акти, технички и други прописи како и предлага усвојување на соодветни стандарди;

- дава мислења и предлози на акти кои врз основа на закон ги донесуваат субјектите овластени со закон;

- во подготовката на актите од алинејата 1 на оваа точка, соработува со надлежните министерства, стопански субјекти, невладини здруженија и други непрофитни асоцијации;

- го иницира прогласувањето на шума за заштита на урбани и населени средини, како и инфраструктурни објекти,шума со висока природна вредност сочуван тип на шумско живеалиште од европско и/или национално еколошко значење и шумски резерват; како шуми со заштитна и со посебна намена, по консултации со засегнатите субјекти кои стопанисуваат со шумите и сопственици на приватни шуми;

- го иницира прогласувањето на рекреативен шумски парк, меморијална шума; шума за научно-образовни цели и шума за одбранбени цели; како шуми со заштитна и со посебна намена, по барање на заинтересирани субјекти и по консултации со засегнати корисници и сопственици на шума;

- доставува податоци и информации за видот, квалитетот и намената на шумата која се наоѓа на површината на планскиот опфат, како и мислење од аспект на шумарството за предлог планскиот опфат по однос на доставено барање за измена на плански опфат заради планирање на копачење и трајна пренамена на шума;

- донесува решение за засновање на право на стварна службеност на шума или решение за одбивање на барањето;

- издава мислење по доставено барање за вршење на геолошки истражувања и користење на минерални суровини;

- ја спроведува Националната инвентаризација на шумите под техничка поддршка од Шумарскиот институт;

- изработка на плански документи;

- покренува постапката за изменување и дополнување на планскиот документ;

- дава согласност на започнатите работите според важечкиот плански документ кои може да се довршат најкасно девет месеци по истекот на планскиот документ;

- обезбедува јавна достапност на податоците од планските документи за државни шуми;

- проверува и ги одобрува со записник звршените работи на сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат со шумите на вештачка обнова на шумските површини по извршување на (редовната) чиста или друг вид на сеча доколку нема појава на природна обнова или истата не може да се очекува во разумен рок, како и да извршат вештачка обнована шумските површини каде што природната обнова не успеала или да извршат вештачка обнова на површините каде што не успеало пошумувањето во рок што еутврден со плановивите за стопанисување и управување, плановите за стопанисување со шуми на мали површини или евидентниот картонб) доделување на право за собирање и/или преработка на други шумски производи во сите шуми, освен во шумите во националните паркови;

- дава технички упатства на сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат со шумитесе за спроведување на следењето на здравствената состојба на шумите и информирање на Агенцијата за секоја нова појава која нанесува штета по шумите,преземање на редовни заштитни мерки пропорционални со површината под шума со која стопанисуваат и капацитетот кој го поседуваат, согласно планските документи и обезбедње на одржувањето или воведувањето на шумски ред откако сечата и дотурот ќе бидат завршени на пропишан начини;

- издава административни наредби за извршување на мерките за преземање на редовни заштитни мерки пропорционални со површината под шума со која стопанисуваат и капацитетот кој го поседуваат, согласно планските документи;

- во соработка со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита на растенијата дава поддршка за спроведување на мерките за привремена забрана на планираната редовна сеча на погодената територија, освен сеча насочена кон отстранување на штетните последици, сузбивање на штетници и болести или спречување на нивното ширење и уништување на шумски репродуктивен материјал заразен со болести или нападнат од штетници;

- обезбедува спроведување на извештајно дијагнозно-прогнозни работи за заштита на шумите од шумски штетници и болести кои може да загрозат поголеми шумски површини:

- по претходен извршен теренски увид.издава одобрение за собирање на семе и сеча на ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште;

- издава мислење до Дирекцијата за заштита и спасување по однос на поднесено барање за подигање на варници и жежници во шума;

-издава одобрение за  извоз на шумски дрвни производи;

- издава испратница за пуштање во промет на увезените шумски дрвни производи;

- издава дпзвпла/сертификат за промет со недрвни шумски производи;

- издава дозвола за вршење на научни истражувања;

- издава потврда за производство на дрво за енергетски цели од шумски дрвја и насади кои содржат или има изгледи дека ќе содржат квалитет за техничко дрво;

- врз основа на соодветен јавен оглас доделуваат право на собирање или користење на други шумски производи на физички и правни лица регистрирани за користење, преработка и/ или тргување со недрвни шумски производи;

- врши национално и меѓународно известување за спроведување на програмата за оцена на одржливоста на на стопанисувањето со шумите;

- обезбедува соодветни податоци за шумските резерви на јаглерод како и складирање и емисии на CO2 од шумите и другото шумско земјиште;

- врши усогласување и координација на заедничкото работење на шумочуварската служба, шумската полиција и на припадниците на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи согласно оперативната програма за борба против незаконски активности во шумарството;

- го одзема службеното оружје и муницијата на одговорниот припадник на шумската полиција кога ќе добие известување од надлежна институција за отпочнување на постапка против припадникот на шумската полиција за сторено кривично дело или дело кое вклучува насилство, семејно насилство до правосилноста на одлуката за кривичната или прекршочната постапка;

- го упатува припадникот на шумската полиција за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или кривично дело насилство или е добиено известување од надлежниот центар за социјална работа за вршење на семејно насилство на задолжителен психијатриски и психолошки преглед или советување со психолог (психолошко советување) во овластена здравствена установа;

- им издава на припадниците на шумската полиција со статус на овластени службени лица службена униформа, оружје, легитимација и значка;

- врши редовна контрола за спроведување на програмите при користење на средства за проста репродукција на шумите и

- врши оперативна контрола над спроведувањето на обврските од договорите за стопанисување со шумите од страна на  субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост.

6. Водење на евиденција и бази на податоци и тоа:

- води Иинтегриран шумски информациски систем како единствената база на податоци во кој се содржат податоци за: Националната инвентаризација на шумите, извршените работи на одгледување, заштита, зачувување и користење на шумите од страна на субјектите кои

стопанисуваат со шумите, дигиталниот систем за следење на шумските дрвни производи ,податоци за  шумите и друго шумско земјиште и податоци за шумски пожари;

- води евиденција за бројот на склучените договори за комерцијалното собирање или користење на недрвни шумски производи во шума и на друго шумско земјиште и видот и количината на другите договорени шумски производи,

- води база на податоци за спроведување на интензивен и постојан мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми и

-  води база на податоци за оценување на одржливоста на стопанисувањето со шумите.

7. Спроведување на функции на шумска полиција.

(2) Агенцијата при вршење на работите од став (1) на овој член се грижи за наменско трошење на финансиските средства за работењето на Агенцијата.

(3) Покрај работите од став (1) на овој член, Агенцијата врши и други работи во согласност со други закони и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија

**Принципи на работење на Агенцијата**

**Член 5**

Работењето на Агенцијата се заснова на следниве принципи:

1) законитост;

2) самостојност;

3) отчесност,

4) одговорност,

5) добро управување

6) транспарентност

7) непристрасност и

8) дигитализација

**Програмски документи**

**Член 6**

(1) За реализација на работите од надлежноста на Агенцијата, директорот на Агенцијата донесува;

1. годишна програма со финансиски план;

2. програма за одржување на семенски насади;

3. програма за мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми;

4.програма за оценување на одржливоста на стопанисувањето со шумите и

5.програма за за борба против незаконски активности во шумарството.

(2) На програмите од став (1) на овој член согласност дава Владата на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст: Владата).

(2) Годишните програми од ставот (1) на овој член, Агенцијата ги доставува до Владата најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

(3) Директорот на Агенцијата до крајот на мај во тековната година изготвува извештај за реализацијата на годишните програми за претходната година и го доставува до Владата за усвојување.

(4) При доставувањето на годишните програми како и извештајот за реализација на истите, Агенцијата е должна на барање на Владата да достави информации и документи кои се однесуваат на истите.

**Пододдел 2**

**Орган на управување**

**Директор на Агенцијата**

**Член 7**

(1) Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата.

(2) Мандатот на директорот трае четири години, со можност за повторен избор.

(3) За именување на директорот и заменик на директор, се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од

кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор, односно заменик на директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFEL) - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2(B2).

(4) Директорот на Агенцијата во рамките на своите надлежности е одговорен за ефикасно работење на Агенцијата и координацијата на меѓусекторските активности.

**Член 8**

Директорот на Агенцијата ги врши следниве работи:

1. ја претставува и застапува Агенцијата;

2. ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата;

3. се грижи за законито работење на Агенцијата по однос на надлежностите утврдени во членот 4 од овој закон;

4. врши усогласување на деловните активности на Агенцијата;

5. доставува за усвојување до Владата предлог стратешки и плански документи од областа на шумарството;

6.склучува договори со физички и правни лица во рамките на своите надлежности;

7. донесува ценовник за висината за изработка на плански доументи;

8.раководи со годишниот буџет на Агенцијата;

9. поднесува акти и извештаи до Владата;

10. го изготвува предлогот на годишната програма со финансискиот план и другите програми на Агенцијата;

11. го изготвува извештај за реализација на програмата за работа на Агенцијата за претходната година;

12. изготвува шестмесечен извештај за работењето на Агенцијата;

13. донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата и други акти на Агенцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници и овластените службени лица, донесува годишни планови за вработување, како и решава за правата од работен однос на вработените во Агенцијата;

14. донесува план за обуки на работниците на шумската полиција;

15. ги утврдува критериумите за располагање со средствата остварени со работењето на Агенцијата и доставува предлог за нивно користење до Владата;

16. се грижи за соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници;

17. во случај на започната постапка против припадникот на шумската полиција, за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, , покренува дисциплинска одговорност и ако се докаже дека е извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, ќе го распореди на определено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено оружје;

18. кога кај припадник на шумската полиција, е утвредено дека поради нарушена психофизичка или општа здравствена способност е неспособен за вршење на работите и задачите од работното место со овластување за носење и употреба на службено оружје на кое е распореден, а истовремено не ги исполнува условите за стекнување на право на инвалидска пензија, ќе го распореди на неопределено време на соодветно работно место без овластување носење и употреба на службено оружје.

19 може да формира советодавни одбори и

20. одлучува и за други прашања утврдени со овој и друг закон.

**Член 9**

(1) Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеца да доставува извештај за работата на Агенцијата до Владата.

(2) Во извештајот од ставот (1) на овој член директорот на Агенцијата е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при вршење на работите на Агенцијата.

(3) Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење на Агенцијата директорот на Агенцијата е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеца.

**Член 10**

Директорот на Агенцијата, односно заменик на директор се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање,

- ако не работи и постапува според закон и актите на Агенцијата,

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушувања во вршењето на работите на Агенцијата и причини штета,

- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Агенцијата,

- ако не достави извештај согласно со членот 9 став (1) од овој закон и

- ако и по истекот на рокот определен во членот 9 став (3) од овој закон не ги отстрани недостатоците или/и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење.

**Член 11**

(1) Директорот на Агенцијата има заменик кој го именува и разрешува Владата.

(2) Мандатот на заменик-директорот трае четири години, со можност за повторен избор.

(3) Заменик-директорот го заменува директорот на Агенцијата во случај на негово отсуство и врши работи кои ќе му бидат доверени од страна на директорот.

**Член 12**

(1) Владата, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор на Агенцијата, донесува одлука за распишување на јавен оглас за именување на директор.

(2) Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

**Член 13**

За реализација на своите надлежности, Агенцијата може согласно со закон да користи услуги на специјализирани правни и физички лица од земјата и странство.

## Пододдел 3

## Статус на вработените во Агенцијата

### Член 14

(1) Стручните, административно-техничките, помошните и други работи ги вршат вработените во стручните служби на Агенцијата.
(2) Работите на шумската полиција ги вршат вработени кои имаат статус на: овластени службени лица (во натамошниот текст: шумски полицајци), согласно со овој закон и Законот за вработените во јавниот сектор.
(3) За вработените лица во Агенцијата, кои се административни службеници, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за административни службеници.
(4) Вработените лица во Агенцијата, кои вршат помошни и технички работи, не се административни службеници и во однос на нивните права, должности и одговорности од работен однос се применува Законот за работните односи.
(5) Внатрешната организација на Агенцијата ја утврдува директорот со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите согласно со надлежностите на Агенцијата.

Статус, должности и овластувања на работниците во шумската полиција

### Член 15

За вршење на работите на шумската полиција може да биде вработено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполнува и посебните услови утврени во членовите 22 и 23 од овој закон.

### Член 16

(1) Шумските полицајци особено се овластени да:

- ја чуваат шумата,

- интервенираат,

- ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела,

- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи,

- вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело и

- ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и да ги известуваат надлежните органи за противправното присвојување на шуми и шумско земјиште, а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

(2) Превозот на одземените предмети и средствата од ставот (1) алинеја 5 на овој член, ако за тоа е потребно, се врши со превозно средство на корисниците на шумата.

(3) На контрола на шумската полиција подлежат сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните кои се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.

(4) Правилата за вршење на работите на шумската полиција ги пропишува директорот на Агенцијата, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

**Член 17**

Шумската полиција е организирана како сектор при Агенцијата, со централната организациона единица во седиштето на Агенцијата, а вршењето на активностите од областа на работите на шумската полиција се спроведува преку 30 шумско-полициски станици низ целата територија на Република Северна Македонија.

**Член 18**

Вработените во шумската полиција со статус на овластени службени лица поради видот, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење имаат посебни должности и овластувања, утврдени со овој и друг закон,.

Службена легитимација и значка

**Член 19**

(1) На вработените во шумската полиција со статус на овластени службени лица, Агенцијата им издава службени легитимации и значки.

(2) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно отстранување од работа, шумскиот полицаец е должен да ја врати легитимацијата.

(3) Доколку во случај на отстранување од работа не биде утврдена дисциплинска одговорност, шумскиот полицаец повторно се задолжува со легитимацијата.

(4) Формата и содржината на легитимациите и значките и начинот на нивно издавање и одземање ги пропишува директорот на Агенцијата.

Внатрешна контрола

**Член 20**

(1) Контролата на вршењето на работите на шумската полиција се остварува како внатрешна контрола.

(2) Внатрешната контрола ја остварува посебна организациска единица за потребите на шумската полиција која спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на работник на шумската полиција.

(3) Заради заштита и остварување на своите права и кога смета дека со постапувањето на работникот во шумската полиција се повредени неговите слободи и права, граѓанинот има право да поднесе претставка до Агенцијата.

(4) Агенцијата е должна да изврши проверка на наводите во претставката од ставот (3) на овој член и во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката, во писмена форма да го извести подносителот за утврдената состојба и презематените мерки.

Класификација на работните места во шумската полиција

**Член 21**

(1) Класификацијата на работните места на работниците во шумската полиција се врши согласно со:
- одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и
- потребните стручни квалификации, работното искуство и други критериуми од значење за работното место.

(2) Согласно со критериумите од ставот (1) на овој член работните места на работниците во шумската полиција се класифицираат во две категории, и тоа:

- категорија А - раководни работници и

- категорија Б - стручни работници.

Нивоа на работни места од категоријата А – раководни равотници

**Член 22**

(1) Во рамките на категоријата А -раководни работници се утврдуваат четири нивоа на работни места:

- ниво А1 раководител на шумска полиција,

- ниво А2 помошник раководител на шумска полиција,

- ниво А3 командир и

- ниво А4 заменик командир.

(2) Раководниот работник од категоријата А за сите нивоа треба да ги исполни следниве услови за вработување:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- активно да го користи македонскиот јазик,

- да е полнолетен,

- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- да има ниво на квалификации VI А според Националната рамка на високообразовните квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,

- да има најмалку пет години работно искуство,

- да познава компјутерски програми за канцелариско работење,

- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,

- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,

- да има уверение за положен испит за шумски полицаец и

- да исполнува други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Нивоа на работни места од категоријата Б – стручни работници

**Член 23**

(1) Во рамките на категоријата Б- стручни работници се утврдува едно ниво на работно место и тоа ниво Б1 патролни шумски полицајци.

(2) Стручниот работник од категоријата Б треба да ги исполни следниве услови за вработување:

- да е државјанин на Република Македонија,

- активно да го користи македонскиот јазик,

- да е полнолетен,

- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- да има ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Националната рамка на високообразовните квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку средно образование,

- со или без работно искуство,

- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,

- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,

- да има уверение за положен испит за шумски полицаец и

- исполнувс други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

**Член 24**

Правата и обврските од работниот однос, шумските полицајци ги остваруваат согласно со одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор, прописите за работните односи и Колективниот договор на Агенцијата.

Безбедносна проверка

**Член 25**

(1) Агенцијата во соработка со Министерството за внатрешни работи врши безбедносна проверка на лице пред засновање на работен однос во шумската полиција, заради утврдување на безбедносен ризик.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член се врши врз основа на претходна писмена согласност на лицето.

(3) За лицето кое ја одбива безбедносната проверка се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во шумската полиција.

Засновање на работен однос

**Член 26**

(1) Работен однос во шумската полиција се заснова врз основа на јавен оглас.

(2) Јавниот оглас за засновање на работен однос во шумската полиција се објавува на интернет страницата на Агенцијата, како и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Во јавниот оглас се назначува работното место и услови за вработување.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните печатени медиуми.

(5) Формата и содржината на јавниот оглас и начинот на пополнување на пријавата ги пропишува директорот на Агенцијата.

Постапка за селекција за засновање на работен однос

**Член 27**

(1) Постапката за селекција за засновање на работен однос во шумската полиција опфаќа три фази, и тоа:

- административна селекција;

- писмено тестирање (Закон за општата управна постапка, Закон за прекршоците, Закон за кривичната постапка, Закон за внатрешните работи, посебни постапки од областа на Законот за шумите и други области) и

- интервју.

(2) Начинот на спроведување на селекцијата на кандидатите за вработување го пропишува директорот на Агенцијата.

Комисија за селекција

**Член 28**

(1) За спроведување на процесот на селекција при засновање на работен однос во шумската полиција, директорот на Ахенцијата формира комисија за селекција.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател, најмалку четири члена и нивни заменици.

Изјава

**Член 29**

(1) Лицата кои склучуваат договор за вработување во шумска полиција на работни места утврдени согласно со овој закон, се должни при вработување во шумската полиција да потпишат изјава со следниов текст: “Се обврзувам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Сецерна Македонија и дека совесно и уредно ќе ги вршам работите на шумската полиција и ќе ги почитувам основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори“.

(2) Потпишаната изјава од ставот (1) на овој член се чува во персоналното досие на работникот на шумската полиција.

(3) Ако работникот на шумската полиција одбие да ја потпише изјавата од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека договорот за вработување не е склучен.

Обврска за обука

## Член 30

(1) Работник на шумската полиција има право и обврска, во текот на годината, да се обучува во согласност со потребите на шумската полиција, а врз основа на план за обуки, кој го донесува директорот на Агенцијата.

(2) Обука во шумската полиција се спроведува во следниве случаи:

- кога определено лице за прв пат заснова работен однос и

- заради континуирана обука на работник.

(3) Обуката за засновање на работен однос се состои од два дела и тоа: стручна и тактичко техничка обука.

(4) Стручна обука од став (3) на овој член ќе се оддржува во средното шумарско училиште или шумарски факултет, додека тактичко техничката обука ќе се оддржува во центрите за обука на кадри од областа на безбедноста.

(5) Директорот на Агенцијата ги определува институциите каде што ќе се одржи стручната и тактичко техничката обука.

(6) По завршената обука за засновање на работен однос, лицето полага испит кој се состои од два дела и добива Уверение за шумски полицаец.

(7) Секое лице кое посетува обука за засновање на работен однос, испитот за шумски полицаец може да полага до три пати во годината.

(8) Испитот за шумски полцицаец го организира и спроведува Агенцијата во соработка со средното шумарско училиште, шумарскиот факултет и центрите за обука на кадри од областа на безбедноста.

(9) Испитот за шумски полицаец се полага пред стручна комисија што ја формира директорот на Агенцијата.

(10) Испитот за шумски полицаец се полага заради проверка на потребното стручно знаење од областа на шумарството.

(11) Стручниот дел на испитот за шумски полицаец се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(12) Областите кои ќе бидат опфатени за стручниот дел и за тактичко-техничкиот дел од испитот за шумски полицаец ќе бидат дефинирани од институцијата која ќе ја определи директорот на Агенцијата.

(13) Испитот за шумски полицаец се полага според програма во која се содржани градивото и прописите.

(14) Програмата за полагање на испитот за шумски полицаец ја донесува директорот на Агенцијата.

(15) Прашањата од стручниот дел и тактичко-техничкиот дел од испитот ги верификува Комисија составена од пет претставници од Агенцијата.

(16) Комисијата од ставот (15) на овој член врши ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај најмалку еднаш годишно.

(17) При ревизијата Комисијата од ставот (15) на овој член особено ги има во предвид промените на правните прописи на кои е засновано прашањето односно случајот, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на испитот за шумски полицаец.

(18) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања Комисијата од ставот (15) на овој член одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од испитот за шумски полицаец.

(19) Членовите на Комисијата од ставот (15) на овој член имаат право на паричен надомест што го определува директорот на Агенцијата.

(20) Износот на паричниот надомест од ставот (19) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања како и сложеноста на материјата.

(21) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (20) на овој член се плаќа во износ од една месечна просечна нето плата во Републиката исплатена за предходната година.

(22) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот за шумски полицаец ги врши Агенцијата, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија, избрано од Агенцијата.

(23) Испитот за шумски полицаец се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(24) Кандидатите се информираат за датумот и времето на полагањето на испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот за шумски полицаец.

(25) Полагањето на испитот за шумски полицаец се снима и во живо се емитува на веб страницата на Агенцијата а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Агенцијата.

(26) Правното лице кое го спроведува испитот треба да ги исполнува критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за шумски полицаец кои поблиску ги пропишува директорот на Агенцијата.

(27) Во просторијата за полагање на испитот за шумски полицаец, за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од Агенцијата, еден претставник од Владата на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

(28) Пред почетокот на полагањето на испитот за шумски полицаец, претставникот од Агенцијата го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта.

(29) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(30) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од став (27) на овој член, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(31) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(32) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(33) Доколку кандидатот при полагањето стручниот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (29) и (30) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

(34) Во случаите од ставот (33) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот за шумски полицаец и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(35) Овластените претставници од став (27) на овој член, за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(36) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(37) Решение за продолжување на испитот донесува директорот на Агенцијата по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(38) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (37) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(39) Против решението на директорот на Агенцијата од ставот (37) на овој член кандидатот може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(40) Испитот за шумски полицаец започнува со полагање на првиот дел (стручниот дел), а по положен прв дел кандидатот се стекнува со право за полагање на вториот дел (тактичко-техничкиот дел).

(41) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(42) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.

(43) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 10 прашања со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(44) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно став (43) на овој член, ќе се смета дека испитот не го положил.

(45) Полагањето на првиот дел од испитот за шумски полицаец се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(46) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(47) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот за шусмки полицаец и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на ловечки испит.

(48) Електронскиот систем од став (47) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања од секоја област.

(49) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и стручната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот.

(50) Бројот на прашања во базите од став (48) на овој член се зголемува за 10 % годишно, почнувајќи од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(51) Резултатите од полагањето на првиот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(52) На денот на полагањето на првиот дел од испитот, претставникот на Агенцијата на кандидатот му дава пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

(53) По одобрувањето на пристапот, кандидатот за првиот дел од испитот добива компјутерски генериран електронски тест, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од ставот (52) на овој член.

(54) Првиот дел од испитот, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Агенцијата дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(55) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот.

(56) Во случај на спреченост на спроведување на првиот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на испитот се прекинува.

(57) Доколку причините од ставот (56) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(58) Доколку причините од ставот (56) на овој член нема да се отстранат во рокот од ставот (57) на овој член, испитот се презакажува за друг термин.

(59) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(60) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 60% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(61) На барање на кандидатот, Агенцијата го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот за шусмки полицаец, со овозможување непосреден увид во тестот.

(62) Тестовите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот за шумски полицаец.

(63) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот за шумаски полицаец и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Агенцијата

(64) Директорот на Агенцијата формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од став (63) на овој член и во која, покрај другите членови членуваат и претставник од Владата и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(65) Комисијата од став (64) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две сесии одржани во тековната година.

(66) Комисијата има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на отпочнување на примената на овој закон.

(67) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на испитот.

(68) Формата и содржината на уверението од ставот 67 на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата.

(69) Уверението за шумски полицаец има важност од пет години, со обврска по истекот на важноста во рок од две години повторно да го обнови.

(70) Агенцијата на годишно ниво спроведува обука и настава за работниците во шумската полиција.

(71) По завршување на обуката, работникот во шумската полиција е должен да го пренесе стекнатото знаење на другите работници.

Унапредување на работниците во шумската полиција

**Член 31**

(1) Постапката на унапредување на работно место во повисоко ниво има за цел да им овозможи на работниците во шумската полиција кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

(3) Работник на шумската полиција може да биде унапреден доколку ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува е слободно,

- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,

- бил оценет со оцеки "особено се истакнува" или "се истакнува" под услови утврдени со овој закон,

- е распореден на работно место непосредно пониско од работното место на кое се унапредува,

- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување и

- во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Агенцијата и договор за вработување.

Селекција во постапката за распоредување, односно унапредување

**Член 32**

Составот на комисијата за унапредување и начинот на спроведување на селекцијата за унапредување ги пропишува директорот на Агенцијата.

Управување со ефектот и оценување

**Член 33**

(1) Раководниот работник на шумската полиција е должен континуирано да го следи ефектот на работниците со кои раководи, во текот на целата календарска година и по потреба да предлага мерки за подобрување на нивната работа.

(2) Најдоцна до 31 декември, раководниот работник на шумската полиција со оценки 1, 2, 3, 4 или 5 врши оценување на вработените врз основа на критериумите што се однесуваат на резултатите од неговата работа, како и личните квалитети што тој ги покажал во текот на работењето, и тоа: стручност, обем на работа (колку работа завршил), правовременост (кога ги завршил работите), самостојност, доверливост, соработка, организирање на работата, комуникација и други способности поврзани со работата.

(3) По завршувањето на оценувањето копија од образецот за оценување се доставува и до работникот.

(4) Оценката од ставот (2) на овој член е основ за: зголемување или намалување на платата на вработениот, утврдување на парична или друг вид на материјална или нематеријална награда, унапредување или распоредување на работно место на пониско ниво, или прекинување на работниот однос.

(5) Раководниот работник на шумската полиција кој го врши оценувањето е должен да подготви и најдоцна до 31 декември до директорот на Агенцијата да достави извештај со ранг-листа на годишни оценки на сите работници, како и примерок од образецот за извршено оценување.

(6) Работник на шумската полиција кој отсуствал од работа подолго од шест месеци во текот на една календарска година (боледување, неплатено отсуство и слично), како и работник во шумската полиција кој за прв пат засновал работен однос во шумската полиција во годината за која се врши оценувањето и работел пократко од шест месеца нема да биде оценуван.

(7) Начинот на управување со ефектот, како и формата и содржината на образецот за оценување ги пропишува директорот на Агенцијата.

Право на приговор

**Член 34**

(1) Работникот на шумската полиција кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на известувањето за извршеното оценување, да поднесе приговор до комисиите за преиспитување на оценката што ги формира директорот на Агенцијата.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Плата и надоместок на плата

**Член 35**

(1) Основната плата и додатоците на плата на вработените лица во шумската полиција со статус на овластените службени лица се утврдуваат со овој закон.

(2) Платата на овластеното службено лице му се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија сразмерно на извршената работа, во согласност со условите утврдени со овој закон.

(3) Платите на овластените службени лица се пресметуваат во бруто-износ, а се исплатуваат во нето-паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(4) Придонесите и персоналниот данок од доход на овластените службени лица ги плаќа Агенцијата со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Агенцијата е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на овластениот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

Составни делови на плата на овластените службени лица

**Член 36**

(1) Платата на овластените службени лица се состои од:
- основна компоненета и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на платата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво,
- зголемување од 30% за компонентата ниво за овластени службени лица и

- дел на плата за стаж.

(3) Минималната плата е онаа што министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работното место, се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

(5) Делот на плата за нивото на кое е распоредено овластеното службено лице се вреднува на следниов начин:

| ЗВАЊЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Раководител на сектор | 249 |
| Помошник раководител на сектор | 185 |
| Раководител на одделение | 127 |
| Командир | 127 |
| Заменик командир | 107 |
| Шумски полицаец | 68 |

(6) Делот на плата за работниот стаж на овластените службени лица се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Зголемување на износот на средствата наменети за плата за 30%

**Член 37**

Делот на плата ниво од основната компонента на овластените службени лица се зголемува за 30% поради видот, природата и сложеноста на работите што се извршуваат, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат.

Вредност на бодот на овластените службеници

**Член 38**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на овластените службени лица е идентичена со вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, кој се утврдува секоја година со одлука на Владата на предлог на министерот за финансии.

Додатоци на плата за вработените

**Член 39**

(1) Овластено службено лице има право на додаток на плата по час, и тоа:

- за работа ноќно време 35%,

- за работа ден на неделен одмор 50%,

- за работа во денови на празник и неработни денови утврдени со закон 50%,

- за работа во смени 5% и/или

- за прекувремена работа по час се исплаќа во висина од 35%.

(2) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, овластеното службено лице има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(3) Додатоците на плата од ставовите (1) и (2) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Евиденција на додатоците на плата

**Член 40**

(1) За извршените работи и поминато време на работа во согласност со членот 35 од овој закон, раководното лице на организациската единица во Агенцијата, води соодветна евиденција.

(2) Контрола на евиденцијата од ставот (1) на овој член, врши непосредно повисокото вработено раководно лице - раководител на секторот и организациската единица за управување со човечки ресурси.

Право на штрајк

**Член 41**

(1) Работниците во шумската полиција правото на штрајк можат да го остваруваат на начин и под услов битно да не се нарушува редовното извршување на работите на шумската полиција.

(2) Заради спречување на евентуални штетни последици од неизвршување на работите од шумската полиција за време на штрајкот, директорот на Агенцијата или од него овластен работник е должен да обезбеди потребно функционирање на организациските единици во процесот на работата.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член работниците во шумската полиција се должни да постапуваат по соодветните наредби.

(4) Доколку работниците во шумската полиција не постапат согласно со ставот (3) на овој член, директорот на Агенцијата, односно од него овластен работник е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување со соодветни работници.

(5) Организаторот на штрајкот е должен да го најави штрајкот на директорот на Агенцијата и да ја достави одлуката за стапување во штрајк, како и програмата за начинот и обемот на вршење на работите и задачите кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

### Дисциплинска и материјална одговорност

### **Член 42**

(1) За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, работникот на шумската полиција одговара дисциплински врз основа на поднесена пријава од непосредно претпоставениот раководител.

(2) За конечната одлука донесена по спроведна дисциплинска постапка се известува подносителот на иницијативата од ставот (1) на овој член.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на работникот на шумската полиција.

(4) Работник кој ќе предизвика штета на шумската полиција во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести.

### Видови на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски

### **Член 43**

(1) Работник во шумската полиција одговара дисциплински за полесни и потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

(2) Работникот врши полесно кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на шумската полиција и договор за вработување, доколку:

1) не го почитува работниот ред и дисциплина;

2) не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;

3) не побара отсуство или навремено писмено не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

4) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

5) со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;

6) настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести претпоставениот работник за отсуството од работа;

7) не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;

8) незаконски или неовластено ги користи средствата на шумската полиција;

9) не укажува правна и друга помош во рамките на своите овластувања на странката во остварување на нејзините законски права и правни интереси и

10) избегнува обука.

(3) Работникот врши потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на шумската полиција и договор за вработување, доколку:

1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

2) го злоупотреби боледувањето;

3) не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;

4) не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;

5) не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;

6) внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

7) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Министерството;

8) изврши злоупотреба на лични податоци;

9) постапува спротивно на правилата и прописите на шумската полиција;

10) го злоупотреби или пречекори даденото овластување;

11) избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;

12) предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;

13) непристојно се однесува спрема странки;

14) противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;

15) изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите;

16) врши определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност под услови спротивно на закон;

17) не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластените органи или граѓани;

18) изврши дејствие што претставува кривично дело или изврши дејствие кое претставува прекршок против јавниот ред и мир и

19) доколку избегне задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување).

Видови дисциплински мерки

**Член 44**

(1) За полесните случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следниве дисциплински мерки:

- писмено предупредување и

- парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до три месеци.

(2) За потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следниве дисциплински мерки:

- парична казна во висина од 30% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до три месеци,

- распоредување на работно место непосредно пониско од работното место на кое дотогаш работел, согласно со Класификацијата на работните места и

- откажување на договорот за вработување.

Отстранување на работникот од работното место

**Член 45**

(1) До донесување на решение во дисциплинска постапка што се води против одреден работник, работникот со решение се отстранува од работното место и од Агенцијата во случаите утврдени со прописите за работните односи, ако настане една од следниве ситуации:

- непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност,

- присуството на работа и натамошната работа во Агенцијата штетно ќе се одрази врз работењето на Агенцијата,

- се осуетува или оневозможува утврдувањето на одговорноста за повреда на работните обврски и

- кога против работникот е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

(2) За време на отстранувањето од работното место и од Агенцијата, на работникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 50% од износот на платата што работникот ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(3) Решението од ставот (1) на овој член, го донесува директорот на Агенцијата или од него овластено лице.

(4) Работникот има право на приговор против решението од ставот (1) на овој член до посебна комисија, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член ја формира директорот на Агенцијата и е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

(6) Приговорот против решението од ставот (3) на овој член, не го одложува извршувањето на решението.

Решение за изрекување на дисциплинска мерка

**Член 46**

(1) Решение за изрекување на дисциплинска мерка донесува директорот на Агенцијата на предлог на комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност која ја формира директорот на Агенцијата и е составена од претседател, два члена и нивни заменици.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

(3) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на работникот, директорот на Агенцијата е должен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е сторена повредата.

(4) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за покренување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност од овластен подносител.

Приговор против решението за изрекување на дисциплинска мерка

**Член 47**

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, работникот има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Приговорот се поднесува преку Агенцијата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(2) Приговорот против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето.

Надоместок за причинета штета

**Член 48**

(1) Работникот, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета, е одговорен за настанатата штета и е должен да ја надомести.

(2) Директорот на Агенцијата со решение формира Комисија за утврдување на материјална одговорност на работниците која е составена од три члена и нивни заменици.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член, за утврдената фактичка состојба поднесува извештај врз основа на кој директорот на Агенцијата донесува решение за надоместок на штета.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член, работникот има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Надомест за претрпена штета

**Член 49**

(1) Ако работникот претрпи штета на работа или во врска со работата, Агнцијата е должна да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Агенцијата е должна да ја надомести материјалната штета што вработениот во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.

Престанок на работен однос

**Член 50**

(1) На вработениот му престанува работниот однос:

- со спогодба,

- по негово барање,

- по сила на закон и

- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

(2) На вработениот му престанува работниот однос со спогодба, кога со директорот на Агенцијата, ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

(3) На вработениот му престанува работниот однос во Агенцијата, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(4) Во случај на престанок на работниот однос по барање на вработениот, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос.

(5) На вработениот му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,

- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија,

- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,

- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,

- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци со денот на започнувањето на издржување на казната,

- наврши 64 години старост,

- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,

- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,

- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и

- други услови согласно со овој закон и посебните закони.

(6) Решението за престанок на работниот однос на вработениот го донесува директорот на Агенцијата.

(7) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на вработениот, по правило на работното место, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(8) Ако вработениот не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла на Агенцијата и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

(9) Против решението од ставот (6) на овој член вработениот има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Униформа и оружје

**Член 51**

(1) Припадниците на шумската полиција носат униформа и се вооружени.

(2) Униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција ги пропишува директорот на Агенцијата.

## Пододдел 4

## Средства за работа

### Средства за работа на Агенцијата

**Член 52**

Средства за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија,од сопствени приходи остварени од надоместоци за извршени услуги согласно со прописите од областа на шумарството.

## Дел трети

## НАДЗОР

### Член 53

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството.

### Член 54

(1) Надзорот над работењето на субјектите кои стопанисуваат со државните шуми и сопствениците на приватните шуми врши Агенцијата.

(2) Инспекциски надзор над субјектите кои стопанисуваат со државните шуми и сопствениците на приватните шуми врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство преку шумарски инспектори.

(3) Чувањето на шумите и другото шумско земјиште од незаконски активности го вршат шумската полиција, шумо-чуварската служба и другите овластени вработени во субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми, под услови и на начин утврдени во Законот за шуми.

(4) Контрола над законитоста и потеклото на шумските дрвни производи во движење на јавните патишта, го врши шумска полиција по барање и со соодветната асистенција на органот на државната управа надлежен за прашања од областа на внатрешни работи под услови и на начин утврдени во Законот за шуми.

## Дел четврти

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 55

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, на дел од вработените во субјектот кој стопанисува со државните шуми кои вршат работни задачи кои се однесуваат на планирањето и заштитата на шумите се преземаат од страна на Агенцијата за шуми.

.

### Донесување на поблиски прописи

### Член 56

Подзаконските акти, предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Рокови за избор на директор

### Член 57

(1) Владата е должна во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на овој закон да донесе одлука за распишување на јавен оглас за именување на директор.

(2) Владата е должна во рок од три дена од денот на завршувањето на постапката за именување на директор утврдена во огласот од став (1) на овој член, да именува директор на Агенцијата за шуми.

.

### Обврска за донесување на општи акти за систематизација и организација

### Член 58

Директорот на Агенцијата за шуми е должен во рок од 30 дена од денот на именувањето да ги донесе општите акти за систематизација и организација на Агенцијата за шуми.

### Влегување во сила

### Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ШУМИ

Со ПРЕДЛОГ - Закон за основање на Агенција за шуми се воспоставува нов орган на државна управа преку кој ќе се овозможи ефективно спроведување на политиките на Република Северна Македонија во областа на шумарството.

Со Закон за основање на Агенција за шуми се предвидуваат и законски основи за носење на подзаконски акти.

Закон за основање на Агенција за шуми е структуриран во Четири Дела и има 58 члена.

Дел први- Општи одредби е составен од 2 члена и го регулира предметот и целта на носењето на законот

Дел втори- Агенција за шуми е составен од Четири Пододдела со 12 члена и тоа:

Пододдел 1-Основање (членови 3 до 6) – се уредува начинот на основањето на Агенција за шуми се определуваат надлежностите на Агенцијата, начелата на работа и се определуваат програмските документи за работа на Агенцијата:

Пододдел 2- Органи на управување ( членови7 до 13)- се утврдуваат органите на управување на Агенцијата и тоа директор, неговите надлежности, именување и разрешување, како и обврски спрема Владата на Република Северна Македонија;

Пододдел 3- Статус на вработените во Агенцијата (член 14 до 51 )- со овој пододдел се утврдуваат правата обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата кои произлегуваат со засновање на работен однос во Агенцијата, како и посебниот статус на вработените во шумска полиција кои имааат статус на лица со посебни одговорности;

Пододдел 4- Средства за работа (член 52) се утврдуваат прашања по однос на видовите на изворите на средства за работа на Агенцијата;

Дел трети -Надзор ( член 53 и 54 )- се дефинира надзорот над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон..

Дел четврти- Преодни и завршни одредби ( членови 55 до 59 )– се утврдува транферот на дел од вработените од МЗШВ во Агенцијата,се воспоставуват роковите за отпочнување со работа на Агенција, и се определува отпочнувањето на примена на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со Предлог Закон за основање на Агенција за шуми ќе се спроведува политиката од областа на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, во согласност со принципите за одржлив развој.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог Закон за основање на Агенција за шуми ќе се постигне одржлив развој на шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, имплементирање на мерки за ефикасно управување со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, спроведување на функциите на шумска полиција и остварувањето на јавниот интерес при заштита и користење на шумите како добро од општ интерес.